**Министерство за транспорт и врски**

# ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба

**Усогласеност со Програмата на Владата:** Да

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:** Да

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:** На првата наредна седница

**Доверливост на материјалот:** Не

**Итност на материјалот: Да**

**Прилог:** Предлог на закон

**Дата на доставување на материјалот:**

јуни, 2012 година

**Министер за транспорт и врски,**

**Миле Јанакиески**

Република Македонија

Министерство за транспорт и врски

---

Предлог на
Закон за  изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба

Скопје,  јуни 2012 година

**1.Осврт по материјалот:**

Односите во областа на внатрешната пловидба се регулирани со Законот за внатрешната пловидба („Слбен весник на РМ“ бр.55/2007 и 26/2009, 22/2010, 23/2011 и 53/2011 година), во кој се уредени прашања за безбедноста во внатрешната пловидба, се пропишани услови и начин на користење и одржување на пловните патишта, пловните објекти, прашањата за екипаж на пловни објекти, јавниот превоз во внатрешната пловидба, пловидбени незгоди, како и други прашања од значење за внатрешната пловидба.

Со оглед на тоа што во глава VI "Јавен превоз во внатрешната пловидба", од постојниот закон, вршењето превоз на стоки по внатрешните пловни патишта во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба, не е целосно и прецизно уреден согласно со законодавството на Европската унија, со Предлогот на законот за измени и дополнување на законот за внатрешната пловидба се врши имплементирање на Директивата 87/540/ЕЕЗ од 09 ноември 1987 година, за пристап кон професијата превозник на стоки по водени патишта во националниот и меѓународниот транспорт и заедничко признавање на дипломи, сертификати и други докази за формални квалификации за оваа професија.

Во главата IX "Концесии", постапката за добивање на концесија и склучувањето на договорите за концесија е прецизирано дека се спроведува согласно со Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Исто така во текот на примената на законот утврдено е дека одделни одредби од законот се непрецизни, и недоволно јасни.

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**

Со имплементирање на Директивата 87/540/ЕЕЗ од 09 ноември 1987 година, за пристап кон професијата превозник на стоки по водени патишта во националниот и меѓународниот транспорт и заедничко признавање на дипломи, сертификати и други докази за формални квалификации за оваа професија, се врши усогласување на националното со законодавството на Европската унија и во делот на вршењето на јавен превоз на стоки по внатрешните пловни патишта во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба.

Постапката за добивање на концесија и склучувањето на договорите за концесија се спроведува согласно со Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Извршено е допрецизирање на одделни одредби од постојниот закон.

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба е доставен на мислење на Секретаријат за законодавство, Министерството за правда, Министерството за финансии, Секретаријатот за европски прашања и до Општините Охрид, Струга Ресен и Дојран.

**4. Решение кое се препорачува (со образложение):**

Се препорачува Владата да го разгледа и утврди текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба и истиот да го достави до Собранието на Република Македонија за разгледување и усвојување.

**5. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

Нема

**6. Очекувани влијанија:**

**7. Усогласеност со европското законодавство (кои директиви на ЕУ се транспонираат во нашето законодавство):**

Да

Директивата 87/540/ЕЕЗ од 09 ноември 1987 година, за пристап кон професијата превозник на стоки по водени патишта во националниот и меѓународниот транспорт и заедничко признавање на дипломи, сертификати и други докази за формални квалификации за оваа професија

**8. Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**

**9. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

Текстот на предлогот на законот ќе биде објавен на ВЕБ страната на Министерството за транспорот и врски.

# ФОРМУЛАР ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИ ИМПЛИКАЦИИ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. Нето зголемување/намалување на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13. Какви гаранции заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Е) | | | | |

| | |
|---|---|
| 1. Назив на предлогот:<br><br>Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште | 2. Министерство/Орган на државната управа:<br><br>Министерство за транспорт и врски |
| 3. Цел на предлогот:<br>Усвојување на законот | 4. Вид на предлогот:<br>Предлог на Закон |
| 5. Контакт лице и звање:<br>Лилјана Поповиќ, Раководител на сектор | 6. Контакт телефон/факс или е-пошта:3145-410 |
| 7. Активност: | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. Вид на барање: | ( ) | Регулатива во врска со ЕУ | ( ) | Нова програма | ( ) | Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| | ( ) | Друга нова регулатива | ( ) | Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) | Спојување на две или повеќе програми |
| 9. Цел на барањето/предложена активност: | | | | | | |
| 10. Врска со Владината програма: | | | | | | |

| 11. Фискални импликации | (Во МКД)<br>2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Г. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Ѓ. Нето импликации на средствата на органот: (В-Г)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Е. Зголемување/намалување на приходите | | | | |
| Ж. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор:_________________________ | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. Нето зголемување/намалување на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13. Какви гаранции заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Е) | | | | |

| | |
|---|---|
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение: | |
| 15. Дата на завршување на проценката: | |
| 16. Дата на поднесувањето на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | |
| 18. Измени побрани од Министерството за финансии: | |
| 19. Одговор на Министерството – Предлагач: | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |

22. Одобрено/Дата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ------------------------------------ | Датум: ден/месец/година | ------------------------------------ | Датум: ден/месец/година |
| Потпис на државен секретар/ Директор на државен орган | 09.01.2012 | Потпис на Министер | 09.01 .2011 |

# В О В Е Д

## I ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Односите во областа на внатрешната пловидба се регулирани со Законот за внатрешната пловидба („Слбен весник на РМ“ бр.55/2007 и 26/2009, 22/2010, 23/2011 и 53/2011 година), во кој се уредени прашања за безбедноста во внатрешната пловидба, се пропишани услови и начин на користење и одржување на пловните патишта, пловните објекти, прашањата за екипаж на пловни објекти, јавниот превоз во внатрешната пловидба, пловидбени незгоди, како и други прашања од значење за внатрешната пловидба.

Со оглед на тоа што во глава VI “Јавен превоз во внатрешната пловидба”, од постојниот закон, вршењето превоз на стоки по внатрешните пловни патишта во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба, не е целосно и прецизно уреден согласно со законодавството на Европската унија, со Предлогот на законот за измени и дополнување на законот за внатрешната пловидба се врши имплементирање на Директивата 87/540/ЕЕЗ од 09 ноември 1987 година, за пристап кон професијата превозник на стоки по водени патишта во националниот и меѓународниот транспорт и заедничко признавање на дипломи, сертификати и други докази за формални квалификации за оваа професија.

Во главата IX “Концесии”, постапката за добивање на концесија и склучувањето на договорите за концесија е прецизирано дека се спроведува согласно со Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Исто така во текот на примената на законот утврдено е дека одделни одредби од законот се непрецизни, и недоволно јасни.

## II ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на изменувањето и дополнувањето на законот е заради:

- имплементирање на Директивата 87/540/ЕЕЗ од 09 ноември 1987 година, за пристап кон професијата превозник на стоки по водени патишта во националниот и меѓународниот транспорт и заедничко признавање на дипломи, сертификати и други докази за формални квалификации за оваа професија, се врши усогласување на националното со законодавството на Европската унија и во делот на вршењето на јавен превоз на стоки по внатрешните пловни патишта во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба.
- усогласување на одредбите од Законот за внатрешната пловидба со Законот за концесии и јавно приватно партнерство и
- допрецизирање на одделни одредби од постојниот закон.

Предлогот на законот се заснова на истите начела врз основа на кои е донесен Законот за внатрешната пловидба.

## III ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Одедбите од предлогот на Законот не имплицираат финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Законот не е потребно обезбедување на посебни финансиски средства, ниту предложените измени и дополнувања од Законот повлекуваат материјални обврски за одделни субјект.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНАТА ПЛОВИДБА

Член 1

Во Законот за внатрешната пловидба (Службен весник на Република Македонија бр.55/2007, 26/2009, 22/2010, 23/2011 и 53//2011), во членот 4-а зборовите"утврдени согласно Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќј " се бришат.

Член 2

Во членот 7 зборовите "вршат одржување на" се заменуваат со зборовите "управуваат со", а на крајот точката се брише и се додаваат зборовите "на пловните патишта."

Член 3

Во членот 9 ставот 2 се брише.

Член 4

Во членот 10 ставот 4 се менува и гласи:
"Работите од став 1 на овој член може да ги врши правно и/или физичко лице овластено од министерот за транспорт и врски, кое ги исполнува следните услови:

1) да е регистрирано за вршење на оперативно-технички работи на пловни патишта на внатрешните води;
2) да располага со соодветна опрема за вршење на работите на одржување и обележување на пловните патишта на внатрешните води и
3) да располага со соодветен стручен кадар за вршење на работите на одржување и обележување на пловните патишта на внатрешните води.

Член 5

Во членот 66-а по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:
"По исклучок од став 2 на овој член, лицата кои се наоѓаат на пловните објекти од ставот 2 на овој член, кога учествуваат на спортски натпревари не треба да ност појаси за спасување."

Член 6

По членот 68 по став 6 се додаваат два нови става 7 и 8 кои гласат:

"Имателот на чамец е должен да поднесе барање за издавање на нова пловидбена дозвола во случај кога истата е изгубена, уништена или оштетена.

Губењето на пловидбената дозвола имателот на чамецот е должен да го објави во Службен весник на Република Македонија."

Ставот седум станува став 9.

Член 7

По член 70-б се додава нов член 70-в кој гласи:

“Член 70-в

Лице кое управува со чамец е должно да поднесе барање за издавање на ново уверение за оспособеност за управување со чамец во случај кога истото е изгубено, уништено или оштетено.

Губењето на уверението за оспособеност за управување со чамец имателот на чамец е должен да го објави во “Службен весник на Република Македонија.”

Член 8

Во членот 251 став 1 зборовите “и стока” се бришат.

Во ставот 2 по зборот “превоз’ се додаваат зборовите “на патници”.

Член 9

По членот 259-а се додаваат 8 нови члена 259-б, 259-в, 259-г, 259-д, 259-ѓ, 259-е, 259-ж и 259-з кои гласат:

“Член 259-б

Домашен превозник јавен превоз на стока по внатрешните пловни патишта во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба може да врши врз основа на одобрение.

Одобрение може да добие правно или физичко лице (во натамошниот текст:превозник), кој е запишан во централниот регистар за вршење дејност превоз на стоки во внатрешната пловидба и ги исполнува следните услови:

1) да е сопственик на брод, чамец или скела кои ги исполнуваат условите пропишани со овој закон;

2) со пловниот објект да управува лице со стекнато соодветно завање пропишано со овој закон;

3) управителот односно одговорното лице за превоз да поседува сертификат за професионална компетентност за вршење превоз на стоки по водените патишта во внатрешниот, меѓудржавниот и меѓународниот сообраќај (во натамошниот текст: сертификат);

4) да има добар углед и

5) да има солидна финансиска состојба.

Барањето за издавање на одобрение од став 1 на овој член се поднесува до Министерството за транспорт и врски.

Министерството за транспорт и врски е должно во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето да издаде одобрение или да донесе решение со кое барањето за издавање одобрение се одбива.

Формата и содржината на барањето за издавање одобрение од став 1 на овој член и потребната документација, како и формата и содржината на одобрението ги пропишува министерот за транспорт и врски.

По жалбата против решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрение одлучува Државната комисија за одлучување во управна постапка од работен однос во втор степен.

Министерот за транспорт и врски е должен да одлучи по поднесената жалба во рок од 45 дена од денот на приемот на жалбата.

Член 259-в

Сертификатот од член 259-б став 2 точка 3 од овој закон го издава Министерството за транспорт и врски, врз основа на уверение за положен испит за професионална компетентност.

Сертификат може да добие лице кое се стекнало со знаење и положило стручен испит согласно пропишана програма.

Испитот се полага пред комисија формирана од министерот за транспорт и врски.

Комисијата од став 3 на овој член се состои од три члена вработени во Министерството за транспорт и врски.

На кандидатите кои го положиле испитот им се издава уверение за положен испит за професионална компетентност.

За полагање на испитот за професионална компетентност се плаќа надоместок.

Висината на надоместокот се утврдува врз снова на реалните трошоци потребни за спроведување на испитот.

Трошковникот го утврдува министерот за транспорт и врски.

Министерството за транспорт и врски води евиденција за лицата кои го положиле испитот за професионална компетентност и за издадените сертификати за професионална компетентност.

Начинот и постапката на полагање на испитот, програмата за полагање на испитот за добивање сертификат за професионална компетентност за превоз на стока, формата и содржината на уверението за положен испит и формата и содржината на сертификатот ги пропишува министерот за транспорт и врски.

Член 259 –г

Ќе се смета дека нема добар углед правно или физичко лице и одговорното лице во правното лице ако има изречено правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството и од областа во безбедноста на јавниот сообраќај на внатрешните води и за други казниви дела за кои е предвидена затворска казна подолга од шест месеци.

Член 259-д

Солидна финансиска состојба се смета дека има правно или физичко лице кое нема ненамирени обврски по основ на јавни давачки спрема државата во последните шест месеци.

Член 259-ѓ

По исклучок во оправдани случаи (смрт, физичка или правна неспособност), на правното или физичко лице може привремено да му се дозволи извршување на превоз на стока по внатрешните пловни патишта иако не го исполнува условот од член 259-б став 2 точка 3 од овој закон, но најмногу до една година со можност за продолжување но не повеќе од шест месеци.

Член 259-е

Одредбите од член 259-б и 259-в од овој закон не се однесуваат на правни или физички лица кои вршат јавен превоз на стока по водените патишта во внатрешниот сообраќај со бродови со носивост помала од 200 тони при максимален газ.

Член 259-ж

Одобрението за вршење на јавен превоз на стока може да се одземе ако се утврди дека превозникот не ги исполнува условите утврдени во член 259-б од овој закон.”

Член 259-з

Во Република Македонија се признаваат дипломите, сертификатите и други докази за признавање на професионална компетентност издадени во земјите членки на Европската унија.

Член 10

Членот 284 се менува и гласи:

“На постапката за добивање на концесија и склучувањето на договорите за концесија се применуваат одредбите од Законот за концесии и јавно приватно партнерство.”

Член 11

Во член 301-а по алинеја 11 се додава нова алинеја 12 која гласи:

“- на видно место не истакнал регистарска ознака или име на чамецот.”

Член 12

Во членот 304-а по алинеја 5 се додава нова алинеја 6 која гласи:

“- на видно место не истакнал регистарска ознака или име на чамецот.”

Во алинеја 10 на крајот точката се брише и се додаваат зборовите “ и став 3.”

Член 13

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за внатрешната пловидба.

Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија.”

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

## I ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Со одредбите од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба, предложени се решенија со кои целосно се уредува превозот на стока по внатрешните пловни патишта.

Ваквите решенија се предлагаат заради усогласување со законодавството на Европската унија со што се врши имплементирање на одредбите од Директивата 87/540/ЕЕЗ од 09 ноември 1987 година, за пристап кон професијата превозник на стоки по водени патишта во националниот и меѓународниот транспорт и заедничко признавање на дипломи, сертификати и други докази за формални квалификации за оваа професија.

Исто така со измените и дополнувањата предложени се решенија со кои се допрецизираат одредени одредби од постојниот закон.

Во таа смисла со член 4 од предлогот на законот се прошируваат условите кои треба да ги исполнува правно и/или физичко лице за добивање на овластување за управување со пловните патишта на внатрешните води.

Со членовите 6 и 7 од Предлогот на законот се регулира начинот на издавање на пловидбената дозвола, односно уверението за оспособеност за управување со чамец во случај кога истите се изгубени, уништени или оштетени.

Со членот 9 од Предлогот на законот целосно се регулираат условите и начинот на вршење на јавниот превоз на стока по внатрешните пловни патишта во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба.

Во таа смисла согласно член 259-б предвидено е домашен превозник, јавен превоз на стока по внатрешните пловни патишта во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба да може да врши врз основа на одобрение. Со овој член пропишани се условите кои треба да ги исполнува превозникот за добивање на одобрението за вршенње на јавен превоз на стоки.

Со членот 259-в се регулира начинот на полагање на испитот за добивање сертификат за професионална компетентност за вршење на јавен превоз на стоки по внатрешните пловни патишта во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба, како еден од условите за добивање на одобрение за вршење на овој превоз. Согласно одредбите од овој член сертификат може да добие лице кое положило стручен испит согласно пропишана програма и на кое му е издадено уверение за положен испит за професионална компетентност.

Со членот 259-г, се дефинара кога ќе се смета дека правното или физичко лице, односно одговорното лице во правното лице го исполнува условот добар углед кој е еден од условите за издавање на одобрение за вршење јавен превоз на стоки.

Со членот 259-д се дефинира кога ќе се смета дека правното или физичко лице, односно одговорното лице во правното лице го исполнува условот солидна финансиска состојба, како еден од условите за издавање на одобрение за вршење јавен превоз на стоки.

Со членот 259-ѓ предложено е решение со кое по исклучок во оправдани случаи на правното или физичко лице може привремено да му се дозволи извршување на превоз на стока по внатрешните пловни патишта иако не е исполнет условот пропишан со членот 259-б став 2 точка 3 од Предлогот на законот.

Со измените и дополнувањата предвидени во член 259-ж, предвидено е во кои случаи миже да се одземе одобрението за вршење јавен превоз на стоки.

Со членот 10 од Предлогот на законот, предложено е решение со кое се менува членот 284 од постојниот закон, заради негово усогласување со Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Со членовите 11 и 12 од Предлогот на законот, предложени се нови прекршоци за кои се изрекува глоба.

## II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со предложените решенија извршено е имплементирање Директивата 87/540/ЕЕЗ од 09 ноември 1987 година, за пристап кон професијата превозник на стоки по водени патишта во националниот и меѓународниот транспорт и заедничко признавање на дипломи, сертификати и други докази за формални квалификации за оваа професија. Исто така извршено е допрецизирање и дополнување на постојните одредби од Законот со цел да се овозможи отстранување на утврдени пропусти, односно доуредување на одредбите од законот.

## III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се уреди вршењето превоз на стоки по внатрешните пловни патишта во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба, како и ќе се изврши допрецизирање и дополнување на оние одредби од законот кои се предмет на изменување и дополнување на овој закон.

# ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНАТА ПЛОВИДБА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 4-а

На внатрешните води забранет е превоз на опасни материи, утврдени согласно со Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај.

Член 7

Правни и/или физички лица што вршат одржување на пловните патишта се должни да организираат и обезбедат трајно вршење контрола над безбедноста на пловидбата.

Член 9

Пловните патишта на внатрешните води се делат на:

- меѓународни пловни патишта,
- меѓудржавни пловни патишта и
- државни пловни патишта.

На меѓународните пловни патишта се одвива меѓународна пловидба, на меѓудржавни пловни патишта се одвива меѓудржавна пловидба, а на државните пловни патишта се одвива пловидба меѓу пристаништата на територијата на Република Македонија.

Член 10

Пловните патишта на внатрешните води се уредуваат, одржуваат и се обележуваат со објекти за осигурување на безбедноста на пловидбата.

Уредувањето, одржувањето и обележувањето на пловните патишта на внатрешните води го вршат правни и/или физички лица што управуваат со пловните патишта.

Правните и/или физички лица што управуваат со пловните патишта ги вршат работите од ставот 1 на овој член, согласно со меѓународните прописи и стандарди – Евпроскиот код за внатрешни пловни патишта – CEVNI; Европскиот договор за внатрешни пловни патишта од меѓународно значење – AGN и Европските правила за обележување на внатрешни пловни патишта – SIGNI.

Стручно техничките работи на обележувањето од ставот 1 на овој член ги врши правно или физичко лице овластено од министерот за транспорт и врски, оспособено и опремено за вршење дејност на внатрешни пловни патишта под услови и начин:

1) да е регистрирано за вршење стручно технички работи согласно со меѓународни прописи и стандарди од ставот 3 на овој член и
2) да има сертификат за вршење на соодветните работи.

Пловните патишта на внатрешните води, како и објектите за осигурување на безбедноста на пловидбата кои се значајни за пловидбата, можат да се променат по претходно добиена согласност од Капетанијата и огласување преку средство за јавно информирање.

Член 66-а

Заради безбедна пловидба на чамец од членот 66 став 1 на овој закон, сопственикот на чамецот е должен да обезбеди појаси за спсување за лицата кои се наоѓаат на чамецот.

Лицата кои се наоѓаат на чамец на воден млазен погон, скутер, даски за едрење, кајак, кану, спортски реквизити за водни спортови и педалини на себе мора да имаат појаси за спасување.

Член 68

Чамецот се впишува во регистар на чамци.

Регистарот на чамци е јавна книга, а го води Капетанијата.

Во регистарот на чамци не може да се впише чамец кој е впишан во регистар на друга земја.

Во Република Македонија се регистрираат чамци чии сопственици имаат живеалиште, односно седиште во Република Македонија, чамци во сопственост на дипломатско-конзуларни претставништва и мисии на странски држави, претставништва на меѓународни организации во Република Македонија и на странски трговски, културни и други претставништва.

Чамец впишан во регистар на чамци мора да има регистарска ознака, а може да има и име. Регистарската ознака и/или името на чамецот впишан во регистарот на чамци треба да биде истакната на видно место на чамецот.

За чамец впишан во регистар на чамци се издава пловидбена дозвола со која се потврдува способноста за пловидба, бројот на патниците и/или количината на товар што со чамецот смее да се превезува и потребната опрема на чамецот. Пловидбената дозвола мора секогаш да се наоѓа на чамецот што плови.

Начинот на водењето на регистарот на чамци, образецот и содржината на пловидбената дозвола и регистарската ознака ги пропишува министерот за транспорт и врски со актот од членот 64 на овој закон.

Член 251

Домашен превозник јавен превоз на патници и стока по внатрешните пловни патишта во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба, може да врши врз основа на одобрение.

Одобрение може да добие правно или физичко лице (во натамошниот текст: превозник) кој е запишан во централниот регистар за вршење на дејност превоз во внатрешната пловидба и ги исполнува следниве услови:

1) да е сопственик на брод, чамец или скела кои ги исполнуваат условите пропишани со овој закон и

2) со пловниот објект да управува лице со стекнато соодветно звање пропишано со овој закон.

Барањето за издавање на одобрението од ставот 1 на овој член за превоз во внатрешната пловидба се поднесува до општината, според седиштето на превозникот, а за меѓудржавен и меѓународен превоз до Министерството за транспорт и врски.

Општината, односно Министерството за транспорт и врски е должна во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето да издаде одобрение или да донесе решение со кое барањето за издавање одобрение се одбива.

Формата и содржината на барањето за одобрението од ставот 1 на овој член и потребната документација ги пропишува министерот за транспорт и врски.

По жалбата против решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрението што го издава надлежниот орган во општината одлучува министерот за транспорт и врски, а по жалбата против решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрението што го издава Министерството за транспорт и врски одлучува Државната комисија за одлучување во управна постапка од работен однос во втор степен.

Министерот за транспорт и врски е должен да одлучи по поднесената жалба во рок од 45 дена од денот на приемот на жалбата.

Член 284

Давањето на концесијата се врши согласно со овој закон и Законот за концесии.

Член 301-а

Глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на домашно правно лице, ако:

- со пловен објект плови спротивно на членот 13 став 1 и 2 на овој закон ;
- врши риболов спротивно на членот 13-в на овој закон;
- одржува спортски и други приредби без одобрение (член 14 став 1),
- по одржувањето на приредбата во пропишаниот рок не ги отстрани ознаките, уредите и предметите што биле поставени во врска со одржувањето на приредбата (член 15 став 1),
- не овозможува под еднакви услови користење на оперативниот брег, уредите и постројките во пристаништето (член 17 став 2),
- користи пристаниште или зимовник без одобрение (член 19 став 2),
- користи сидриште без одобрение (член 20 став 2),
- бродските исправи и книги не ги води редовно и уредно (член 51 став 3),
- бродските исправи и книги не се наоѓаат на бродот и не се достапни за проверка (член 53 став 1),
- пред почетокот на градба на чамец не ја пријави градбата и не достави проект за градбата (член 67 – ѓ став 1),
- не пријави преправка на чамец пред отпочнувањето со преправката (член 67 – ѓ став 3),
- во предвидениот рок не поднел барање за впишување настанати промени на чамец (член 69 став 3),
- не постапи согласно со членот 72 став 3 од овој закон,
- брод не вее занме на Република Македонија (член 94 став 1),
- брод, влекач, потискувач или пливачки објект впишани во соодветен регистар нема ознака (член 96 став 2),
- не прими за превоз патник или предмет (член 256) и
- презема работи спротивно на член 277 од овој закон.

За прекршок од став 1 на овој член глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

Член 304-а

Глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, ако:

- врши промени или преправки на конструкцијата на трупот на бродот, машините, уредите и опремата на бродот, без претходна согласност од признато здружение за класификација (член 40),
- бродските исправи и книги не ги води редовно и уредно (член 51 став 3),
- бродските исправи и книги не се наоѓаат на бродот и не се достапни за проверка (член 53 став 1),
- пред почетокот на градба на чамец не ја пријави градбата и не достави проект за градбата (член 67 – ѓ став 1),
- не пријави преправка на чамец пред отпочнувањето со преправката (член 67 – ѓ став 3),
- во предвидениот рок не поднел барање за впишување настанати промени на чамец (член 69 став 3),

- не постапи согласно со членот 72 став 3 од овој закон,
- брод не вее занме на Република Македонија (член 94 став1),
- презема работи спротивно на членот 277 од овој закон и
- врши нуркање спротивно на членот 281 – а  став 1.